# ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА, ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Минералните суровини во Република Северна Македонија се регулирани согласно Законот за минерални суровини.
Постапките за доделување на концесии за проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ги спроведуваа Министерството за економија - Сектор за минерални суровини.

## I. ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Проспекциските геолошки истражувања се предвидени да се реализират со концесии кои ќе се доделуваат на јавен повик по електронски пат, ќе се доделуваат за период од 2 години на простори максимум до 5000 км$^2$. Геолошката документација за овие истражувања ја одобрува Геолошкиот завод на Република Северна Македонија. Резултатите од истражувањата не се пренесуваат, а се сопственост на имателот на концесијата до моментот на поднесување на барање на концесија за детални геолошки истражувања. Барање за концесија за детални геолошки истражувања може да поднесе најмногу на 2,5 % од површината која му била доделена под концесија, при што истиот отстапува 97,5 % од површината која му била доделена под концедсија, а резултатите за истата преминуваат во сопственост на Република Северна Македонија. Доколку имателот на резултатите не поднесе барање на концесија за детални геолошки истражувања во рок од 30 дена од денот на истекот на концесијата резултатите од истражувањата во целост преминуваат во сопственост на Република Северна Македонија. Постапката за доделување на концесии за проспекциски геолошки истражувања ќе се спроведе врз основа на јавен повик со електронска аукција.
Со проспекциските геолошки истражувања не се врши деградирање на просторот како кај деталните геолошки истражувања, туку се врши еден вид на скенирање и мапирање на просторот и земање на површински примероци за понатамошна анализа, со цел на добивање на индикации за постоење на одреден вид на минерални суровини (во конкретниот случај на метлични минерални суровини).
Придобивката на Државата е што Концесионерот е должен да го истражи целиот простор на кој му е доделена концесијата за проспекциски истражувања и со тоа да ги прикаже добиените резултати за целиот простор. Со тоа Државата ќе добие почетни индикации за присуство на конкретни минерални суровини на одредени локалитети и со тоа понатаму може да поведува иницијативи за доделување на концесии за детални геолошки истражувања.

Постапката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања започнува со поднесување на иницијатива за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања. Иницијатива може да поднесе секое заинтересирано правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со

подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за минерални суровини или друг закон: Кон иницијативата се приложува:

- образложение и основни податоци за подносителот на иницијативата;
- период на кој се бара доделување на концесијата и
- простор на кој би се вршеле проспекциските геолошки истражувања вцртан на топографска карта во мерка 1:200 000 со нанесени координати.

По добивање на мислењата, во рок од 15 дена министерот кој раководи со Министерството за економија до Владата доставува образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања.

По донесување на одлуката, постапката за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања се спроведува со јавен повик со електронска аукција врз основа на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

▪ По спроведување на постапката и евалуација на понудите за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини, Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесии до Владата доставува информација за евалуација на понудите со Записници, Извештај од спроведената постапка и поединечни Предлог одлуки за доделување на концесии, по нивното усвојување од страна на Владата избраните концесионери се должни во определениот рок да го платат концесискиот надоместок понуден во понудата. По уплатата на средствата се склучува Договорот за концесија за проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини (од страна на Концедентот истиот го потпишува Министерот за економија).

## II. ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Право за вршење на детални геолошки истражувања се стекнува со добивање на концесија за детални геолошки истражувања, а која ја доделува Владата.

Право за добивање на концесија за детални геолошки истражувања има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за минерални суровини и друг закон.

Концесија за детални геолошки истражувања не може да добие ниту пак може да му биде пренесена во период од пет години во случај кога на правното лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија на кое претходно му била одземена концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, како и правно лице кое е поврзано со тоа правно лице.

Концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на јавен повик.

За минералните суровини песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц не

се вршат детални геолошки истражувања само во случај кога барателот на концесијата е сопственик на земјиштето на кое се наоѓаат или е државно земјиште.

## 1. Постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања

▪ Постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања започнува со поднесување на иницијатива за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања. Иницијатива може да поднесе секое заинтересирано правно лице, вклучувајки ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија а кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за минерални суровини или друг закон, во прилог на истата доставува:

- образложение и основни податоци за подносителот на иницијативата;
- предложен период на кој би се доделила концесијата;
- простор на кој би се вршеле деталните геолошки истражувања вцртан на топографска карта во мерка 1:25000 или 1:50 000 со нанесени координати и
- студија за оценка на влијанието и режимот на минералните, термоминералните и термалните води во случај кога се работи за иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$.

▪ По доставувањето на иницијативата во рок од осум дена се врши увид на локалитетот за која е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања, за што се составува записник.

▪ По извршениот увид, во рок од осум дена Министерството за економија по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област.

▪ По добивање на мислењата, во рок од 15 дена министерот кој раководи со Министерството за економијадо концедентот доставува образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања.

По донесување на одлуката, постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања се спроведува со јавен повик со електронска аукција врз основа на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

▪ По спроведување на постапката и евалуација на понудите за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини, Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесии до Владата доставува информација за евалуација на понудите со Записници, Извештај од спроведената постапка и поединечни Предлог одлуки за доделување на концесии, по нивното усвојување од страна на Владата избраните концесионери се должни во

определениот рок да го платат концесискиот надоместок понуден во понудата. По уплатата на средствата се склучува Договорот за концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини (од страна на Концедентот истиот го потпишува Министерот за економија).

2. **Простор за вршење на детални геолошки истражувања**

Просторот на кој се доделува концесијата за детални геолошки истражувања зависи од видот на минералната суровина, и тоа:
- до 30 км$^2$ за енергетските минерални суровини;
- до 30 км$^2$ за металичните минерални суровини;
- до 30 км$^2$ за техногените минерални суровини;
- до 2 км$^2$ за неметалични минерални суровини;
- до 5 км$^2$ за архитектонско-украсен камен;и
- до 2 км$^2$ за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$.

3. **Период на доделување на концесијата**

Периодот за кој се доделува концесијата за детални геолошки истражувања зависи од видот на минералната суровина и изнесува до:
- до шест години за енергетските минерални суровини;
- до шест години за металичните минерални суровини;
- до три години за техногените минералните суровин;
- до две години за неметалични минерални суровини;
- до две години за архитектонско-украсен камен, и
- до две години за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$.

## III. КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Право за вршење на експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини, а која ја доделува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Концедент).

Право за добивање на концесија за експлоатација има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за минерални суровини и друг закон.

Концесија за експлоатација на минерални суровини не може да добие ниту пак може да му биде пренесена во период од пет години во случај кога на правното лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија на кое претходно му била одземена концесија за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини, како и правно лице кое е поврзано со тоа правно лице.

Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува на определен простор дефиниран со координати нанесени на топографската карта врз основа на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања.

1. **Период на доделување концесија за експлоатација на минерални суровини**

Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува за период до 30 години со можност за продолжување за уште еден период т.е. до исцрпување на минералните суровини за која и е доделена истата, но не подолго од 30 години.
За минералните суровини песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц концесијата за експлоатација се доделува за период до 10 години, без можност за продолжување.

2. **Простор за експлоатација на минерални суровини**

Просторот на концесијата за експлоатација може да изнесува до:
- 30 км$^2$ за енергетските минерални суровини;
- 30 км$^2$ за металичните минерални суровини;
- 30 км$^2$ за техногените минерални суровини;
- 2 км$^2$ за неметалични минерални суровини;
- 5 км$^2$ за архитектонско-украсен камен;
- 2 км$^2$ за минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- 0,10 км$^2$ за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.

3. **Начини на доделување на концесија**

Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на јавен повик и врз основа на барање под услови утврдени со овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**3.1. Доделување на концесија за екплоатација по пат на јавен повик**

Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на јавен повик со електронска аукција согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство во случаи кога:
- сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања е Република Северна Македонија;
- на определениот простор престанала да важи концесијата за експлоатација, а кога на просторот се преостанати доволно рудни експлоатабилни резерви на минерални суровини, кои се утврдени од страна на концедентот и
- утврден е вишок на неексплоатирани количини на термоминерални и термални води од експлоатациони објекти/бунари на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на термоминерални и термални води, освен во случај кога термоминералните и термалните води се користат за полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби.

Вишокот на неексплоатирани количини на термоминерални и термални води од експлоатациони објекти/бунари на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на термоминерални и термални води го утврдува концедентот-Владата со одлука.

▪ Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по пат на јавен повик, поведува министерот за економија.

▪ Министерството за економија по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област.

▪ По добивање на мислењата од органите на државната управа, министерот за економија до Владата доставува предлог за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација.

▪ По разгледување на предлогот, Владата донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.

По донесување на одлуката, постапката за доделување на концесија за експлоатација се спроведува со јавен повик со електронска аукција врз основа на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

▪ По спроведување на постапката и евалуација на понудите за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесии до Владата доставува информација за евалуација на понудите со Записници, Извештај од спроведената постапка и поединечни Предлог одлуки за доделување на концесии, по нивното усвојување од страна на Владата избраните концесионери се должни во определениот рок да го платат концесискиот надоместок понуден во понудата. По уплатата на средствата се склучува Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини (од страна на Концедентот истиот го потпишува Министерот за економија).

### 3.2. Доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини по барање од заинтересирано лице

Концесија за експлоатација на минерални суровини по барање од заинтересирано лице се доделува врз основа на барање од сопственикот на резултатите од извршените детални геолошки истражувања.

Барањето се поднесува до Министерството за економија во рок од 120 дена, сметано од денот на истекот на концесијата за детални геолошки истражувања.

▪Кон барањето за добивање на концесија за експлоатација се приложува:

- податоци за барателот на концесијата;
- топографска карта во мерка 1:25.000 или 1:50.000 со координати на граничните точки на локацијата на определен простор;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарки индикации за просторот на кој се бара доделување на концесија за експлоатација,

изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности;
- Ревизиска клаузула издадена од Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборатот од извршените детални геолошки истражувања, со која се потврдува дека геолошката документација е изработена во согласност со овој закон, и
- студија за оправданост на концесијата.

По доставување на барањето Министерството за економија во рок од 15 дена врши увид на лице место и составува записник од извршениот увид.
▪ Во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на неметални минерални суровини, архитектонско-украсен камен и минерални, термоминерални и термални води, министерот за економија е должен во рок од 15 дена до Владата да достави предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација.
По објавувањето на одлуката во "Службен весник на Република Северна Македонија", концедентот и концесионерот во рок од 15 дена, сметано од денот на влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, склучуваат договор за концесија за експлоатација.

### 3.3. Доделување на концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц

Концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц се доделува врз основа на барање од сопственикот на земјиштето на кое се наоѓаат.
▪ Кон барањето за добивање од ставот (1) на овој член се приложува:
- податоци за барателот на концесијата;
- топографска карта во мерка 1:5.000 со координати на граничните точки на локацијата на определен простор;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарки индикации за просторот на кој се бара доделување на концесија за експлоатација, изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности, и
- студија за оправданост на концесијата.

▪ Министерството за економија во рок од 15 дена врши увид на лице место и составува записник од извршениот увид.

▪ По спроведување на увидот, Министерството за економија во рок од 15 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и

врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област.

▪ По добивање на мислењата од органите на државната управа, министерот за економија во род од 15 дена до Владата доставува предлог за доделување на концесија за експлоатација.

▪ По објавувањето на одлуката во "Службен весник на Република Северна Македонија", концедентот и концесионерот во рок од 15 дена, сметано од денот на влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, склучуваат договор за концесија за експлоатација.

## IV. ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи може да се отпочне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација на минерални суровини.
По склучување на договорот за концесија за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од:

- четири години за енергетски и метални минерални суровини;
- една година за техногени минерални суровини, неметални минерални суровини, аритектонско-украсен камен, минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- шест месеци за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.

По издавањето на дозволата за експлоатација, концесионерот е должен да оточне со експлоатација на минералните суровини во рок од:

- три години за енергетски и метални минерални суровини;
- две години за техногени минерални суровини, неметални минерални суровини, аритектонско-украсен камен, минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и
- шест месеци за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц.

Дозволата за експлоатација ја издава министерот за економија.
Дозволата за експлоатација се издава за истиот вид на минерални суровини за кои и е доделена концесијата за експлоатација.
▪ Кон барањето за издавање на дозвола за експлоатација се приложува:

- доказ за решени имотно правни односи во делот на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минерални суровини, освен во случај кога се работи за подземна експлоатација во услови кога експлоатацијата нема влијание на површината;
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарки индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности;

- главен рударски проект за експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата заедно со ревизија (стручна) оцена на истиот;
- решение за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина или решение за одобрување на елаборатот за оцена на влијанието врз животната средина;
- план за управување со отпад;
- сообраќајна согласност за приклучок за јавен пат, освен за минералните суровини:минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$,
- дозвола за користење на вода и/или дозвола за испуштање на вода која ја издава надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води, доколку е потребно издавање на таква дозвола кое го утврдува надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со води, и
- доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина, освен за минералните суровини: минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$.